Об. бр. 320/2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

( Образец ПП……)

До: ОПШТИНА Битола

(Имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 391, | | |

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), согласно Законот за Адвокатура и ЗПП од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:Дали Општина Битола согласно Законот за заштита и благостостојба на животните ВО ПЕРИОДОТ ОД 15.11.2023 година до 20.11.2023 година имаше склучено правен акт за вршење на работи од јавен интерес од локално значење со други правни или физички лица и ако има со кој.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија   или
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

или

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола _27.02.2024 година .**

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности и
уредување на градежно земјиште

Бр.11-39/2

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-39/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
12.03.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр. 32-199/2 од 12.03.2024 год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13-03-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-39/3 | | | |

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Евгенија Чукалева**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-39/2 од 12.03.2024 година а кое се однесува на информација за склучен правен акт за вршење на работи од јавен интерес од локално значење со други правни или физички лица, согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, за периодот од 15.11.2023 до 20.11.2023 година Ве известуваме дека:

Советот на Општина Битола заради подетално уредување на односите во комуналните дејности има донесено Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Битола бр. 07-31/15 од 29.11.2012 година објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 14 од 03.12.2012 година и нејзините измени и дополнувања објавени во „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 3 од 16.03.2016 година, „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 8 од 04.08.2016 година и „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 13 од 28.10.2022 година.

**Во член 91 од оваа одлука е предвидено дека „Уловувањето, згрижувањето и ерадикацијата на животните скитници општината ја доверува на јавно претпријатие основано од страна на општината за вршење на комунални дејности или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста“.**

Ве информираме дека ова се информациите со кои располагаме а за останатите информации за наведениот период и носењето на некаков правен акт ве упатуваме одговорот да го побарате во другите одделенија и сектори.

Со почит,

Битола, 12.03.2024 год.
Изработил: м-р Виктор Ивановски

**Одделение за комунални дејности**
**и уредување на градежно земјиште**

______________________

**Марјана Спасевска д.м.и.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-39/4
13.03.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **28.02.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-39** од **28.02.2024 година**, каде бара иноформација дали општина Битола согласно Законот за заштита и благосостојба на животните во перод од 15.11.2023 година до 20.11.2023 година имаше склучено правен акт за вршење на работи од јавен интерес.( детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-39 на ден 28.02.2024 година. Во барањето наведе дека бара иноформација дали општина Битола согласно Законот за заштита и благосостојба на животните во перод од 15.11.2023 година до 20.11.2023 година имаше склучено правен акт за вршење на работи од јавен интерес.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-39/1 од - 28.02.2024
2. Допис до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-39/2 од 12.03.2024 година
3. Одговор од Одделение за спроведување урбанистички планови со бр. 11-39/3 од 12.03.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 13.03.2024 година, под бр. 11-39/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА